Република Македонија
Бр. 14-
___.___.2011 Скопје

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

ДО ГЕНЕРАЛНИОТ СЕКРЕТАР
НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Име на материјалот: **Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, по скратена постапка**

Усогласеност со Програмата на Владата: **Во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија**

Усогласеност со член 68 од Деловникот за работа на Владата: **ДА**

Предлог на која седница на Влада да се разгледа материјалот:
**На првата наредна седница на Владата**

Доверливост на материјалот: **НЕ**

Итност на материјалот: **ДА**

Прилог:
- **Мислења од Секретаријатот за законодавство и Министерството за образование и наука;**
- **Образец за фискални импликации;**
- **Образец за проценка на влијание на регулативата;**
- **Усогласен текст на нацрт Рамковниот договор за заем по Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, кој треба да се склучи меѓу Банката за развој при Совет на Европа и Република Македонија (на македонски и англиски јазик).**

| Дата на доставување на материјалот: | Потпис: |
| --- | --- |
| **Скопје, __.___.2011 година** | ЗАМЕНИК ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Зоран Ставрески |

Изработил: Ана Димитриевска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

# М Е М О Р А Н Д У М

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, по скратена постапка

Заменик претседател на Влада на Република Македонија и министер за финансии

м-р Зоран Ставрески

Скопје, _____ 2011 година

Изработил: Ана Димитриевска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева

ПРЕТСТАВНИЦИ:
м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии

Панче Кралев, министер за образование и наука

Недим Рамизи, заменик министер за финансии

ПОВЕРЕНИК:
Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии

Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, по скратена постапка

Скопје, _____ 2011 година

Република Македонија
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
бр. __________
од __________
Скопје

До Претседателот на Собранието
на Република Македонија

Врз основа на член 91 алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, членовите 132 и 137 и 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија Ви поднесува Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, по скратена постапка што го утврди на седницата одржана на ________2011 година.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Зоран Ставрески, заменик претседател на Влада и министер за финансии; Панче Кралев, министер за образование и наука и Недим Рамизи, заменик министер за финансии, а за повереник Сузана Пенева, државен советник во Министерство за финансии.

ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## ВОВЕД:

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ:

Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија претставува продолжување на успешната соработка меѓу Владата на Република Македонија и Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ), чиј прв заеднички проект во оваа област е Проектот за изградба и опремување на фискултурни сали во средните училишта, каде со 14.300.000 ЕВРА (заем од 12.500.000 ЕВРА и учество на Република Македонија од 1.800.000 ЕВРА) опфатена е изградба или реконструкција на 30 фискултурни сали.

Врз основа на заклучоци од 183-тата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 14.09.2010 година, Министерството за финансии оствари комуникација со ЦЕБ и ги спроведе сите активности за обезбедување на заем во износ од 30.000.000 ЕВРА за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија.

Министерството за образование и наука подготви Извештај за издржаноста на Проектот, кој беше предуслов за презентирање на Проектот пред Административниот совет на ЦЕБ. Министерството за финансии го проследи Извештајот за издржаноста на Проектот до ЦЕБ и поднесе Апликација за добивање на заем до Генералниот Секретар на Советот на Европа на 07.04.2011 година.

Проектот е презентиран и одобрен од страна на Административниот совет на ЦЕБ на 13.05.2011 година.

Вкупната вредност на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија изнесува 45.000.000 ЕВРА. Банката за развој при Совет на Европа ќе учествува во неговото финансирање со 67% од вкупната вредност на Проектот, односно со 30.000.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој Проект со 33% од вкупната вредност на Проектот, односно со 15.000.000 ЕВРА.

За имплементација на Проектот е веќе основана Единица за имплементација на Проектот, која функционира во рамки на Министерството за образование и наука и го имплементира Проектот за изградба и опремување на фискултурни сали во средните училишта. Согласно Рамковниот договор за заем Министерството за образование и наука ќе биде одговорно за спроведување на Проектот преку Единицата за имплементација на Проектот.

Финалниот текст на Рамковниот договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и ЦЕБ е усогласен на 11.07.2011 година, по пат на електронска комуникација меѓу претставниците на ЦЕБ и претставниците на Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

Услов за склучување на Рамковниот договор за заем е донесување на Законот за

задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05; 88/08 и 35/11).

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА:

Целта на проектот е унапредување на физичкото образование, како и подобрување на севкупните услови за учење на учениците во основните и средните училишта.

Основно начело врз основа на кое се заснова овој Предлог на Закон е обезбедување на финансиски средства за да се овозможи реализација на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија.

Оттука, Република Македонија и ЦЕБ ќе склучат Рамковен договор за заем за Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, во износ од 30.000.000 ЕВРА, во кој се утврдени условите на задолжувањето.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА:

Рамковниот договор за заем ќе се склучи во износ од 30.000.000 ЕВРА. Заемот ќе се отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ:

Финансиските средства потребни за спроведување на законот се образложени во дел III од овој Предлог на Закон и во Образецот за фискални импликации, даден во прилог на овој материјал.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ФИСКУЛТУРНИ САЛИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Со оглед на тоа што се исполнети случаите утврдени во член 170 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, односно не е во прашање донесување на сложен и обемен закон, се предлага Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, да се донесе по скратена постапка.

# ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН ЗА ЗАДОЛЖУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КАЈ БАНКАТА ЗА РАЗВОЈ ПРИ СОВЕТ НА ЕВРОПА ПО РАМКОВНИОТ ДОГОВОР ЗА ЗАЕМ ЗА ДЕЛУМНО ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОЕКТОТ ЗА ИЗГРАДБА НА ФИСКУЛТУРНИ САЛИ ВО ОСНОВНИ УЧИЛИШТА И РЕХАБИЛИТАЦИЈА НА ОСНОВНИ И СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Република Македонија се задолжува кај Банката за развој при Совет на Европа со заем во износ од 30.000.000 ЕВРА, за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот од член 1 од овој закон, се утврдуваат со Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, кој ќе се склучи помеѓу Република Македонија и Банката за развој при Совет на Европа.

Во име на Република Македонија, Рамковниот договор за заем од став 1 на овој член ќе го потпише министерот за финансии или од него овластено лице.

Член 3

Заемот од член 1 од овој закон ќе се повлекува во најмалку две транши.

Рокот на отплата на секоја транша од заемот од член 1 од овој закон е најмногу 20 години, со вклучен грејс период до пет години.

Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од влегувањето во сила на Рамковниот договор за заем од член 2 став 1 од овој закон и не треба да надмине 30% од вкупниот износ на заемот.

Повлекувањата на секоја следна транша ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

Член 4

Каматната стапка ќе се одредува за секоја транша од заемот одделно, на денот на доставувањето на барањето за повлекување на средствата од заемот од страна на Министерството за финансии, во зависност од тоа која каматна стапка е поповолна за Република Македонија (фиксна или варијабилна).

Член 5

Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија од Рамковниот договор за заем од член 2 став 1 од овој закон ќе го реализира Министерството за образование и наука.

Член 6

Република Македонија, заемот од член 1 од овој закон, ќе го отплаќа од Буџетот на Република Македонија.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГ – ЗАКОНОТ

# I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ:

Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија претставува продолжување на успешната соработка меѓу Владата на Република Македонија и Банката за развој при Совет на Европа (ЦЕБ), чиј прв заеднички проект во оваа област е Проектот за изградба и опремување на фискултурни сали во средните училишта во износ од 14.300.000 ЕВРА (заем од ЦЕБ во износ од 12.500.000 ЕВРА и учество на Република Македонија од 1.800.000 ЕВРА) опфатена е изградба или реконструкција на 30 фискултурни сали.

Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија има за цел унапредување на физичкото образование, како и подобрување на севкупните услови за учење на учениците во основните и средните училишта.

Проектот се состои од две компоненти:

1) изградба и опремување на 70 фискултурни сали во основни училишта во насока на подобрување на физичката подготвеност и здравјето на учениците, а со тоа и нивната способност за исполнување на образовните цели и обврски. Директна придобивка од оваа компонента на проектот ќе имаат околу 42.000 ученици на кои ќе им се овозможат услови за следење на наставата по физичко воспитување, а ќе бидат опфатени вкупно 50 општини во сите осум региони во Република Македонија; и
2) реновирања на околу 240 основни и средни училишта кои опфаќаат: реконструкција на покриви во 49 училишта; инсталација на системи за греење во 30 училишта; замена на дотраени прозорци во 41 училиште; реконструкција на санитарни јазли во 53 училишта; замена на подови во 19 училишта; санација на електрична инсталација во 20 училишта и ургентни градежни работи кои би се појавиле во текот на реализација на проектот. Спроведувањето на овој дел од проектот е во насока на обезбедување соодветна околина и подобрени услови за образовната дејност. Директна придобивка од втората компонента на овој проект ќе имаат околу 110.000 ученици и наставници, а ќе бидат опфатени 51 општина во осумте региони во Република Македонија.

Вкупната вредност на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија изнесува 45.000.000 ЕВРА. Банката за развој при Совет на Европа ќе учествува во неговото финансирање со 67% од вкупната вредност на Проектот, односно со 30.000.000 ЕВРА, додека Република Македонија ќе учествува во реализацијата на овој Проект со 33% од вкупната вредност на Проектот, односно со 15.000.000 ЕВРА.

За имплементација на Проектот е веќе основана Единица за имплементација на Проектот, која функционира во рамки на Министерството за образование и наука и го имплементира Проектот за изградба и опремување на фискултурни сали во средните училишта. Согласно Рамковниот договор за заем Министерството за образование и наука ќе биде одговорно за спроведување на Проектот преку Единицата за

имплементација на Проектот.

Проектот ќе се имплементира во периодот од 2011 до 2014 година. Се очекува Проектот да биде реализиран заклучно со 31.12.2014 година и следствено, договорено е датумот на затворање на Проектот да биде 30.06.2015 година.

Заемот е доделен под следните услови на Банката за развој при Совет на Европа:

Рок на отплата – Рокот на отплата на секоја транша од заемот од член 1 од овој закон може да биде најмногу 20 години, со вклучен грејс период до 5 години.

Повлекување – Заемот ќе се повлекува во неколку транши. Износот на секоја транша ќе се одредува во зависност од напредокот во изградбата на фискултурните сали во основни училишта и рехабилитација на основните и средните училишта во Република Македонија, како и планираните активности за идниот период. Заемот ќе се повлекува во најмалку две транши.
Првата транша треба да се повлече во рок од 12 месеци од стапувањето на сила на Рамковниот договор за заем и не треба да надмине 30% од вкупниот износ на заемот. Повлекувањето на следните транши ќе се реализира откако Република Македонија писмено ќе ја извести Банката за развој при Советот на Европа дека 90% од износот на претходната транша е алоциран.

Каматната стапка – Каматната стапка и валутата ќе се одредуваат за секоја транша од заемот одделно на денот на повлекување на истата. Каматната стапка за сервисирање на заемот може да биде варијабилна или фиксна.

Варијабилната каматна стапка е ЕУРИБОР зголемен за варијабилен распон.

Набавки - Набавката на добра и услуги ќе се врши во согласност со Упатствата на ЦЕБ (усвоени во 2000 година и изменети во октомври 2004 година). Проектот треба да се спроведува согласно Политиката на ЦЕБ за заштита на животната средина усвоена во 2010 година.

Следење на имплементација на Проектот – Единицата за имплементација на проектот, покрај следењето на реализацијата на целиот проект, ќе води и одделна сметководствена и друга евиденција за реализацијата на Проектот, во согласност со меѓународните стандарди, која во било кој момент, ќе може да даде реален приказ каков е напредокот на Проектот.

Единицата за имплементација на проектот, во периодот на имплементација на проектот, има обврска на секои шест месеци, од повлекувањето на заемот, да доставува до ЦЕБ Извештај за напредокот на имплементација на Проектот. Истата обврска за доставување на Извештај за напредокот на имплементација на Проектот, ќе треба да се исполни и пред повлекувањето на секоја транша. Овие извештаи треба да бидат во форма и содржина задоволителна за ЦЕБ.

Со цел реализирање и делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во

Република Македонија, потребно е Република Македонија да склучи Рамковен договор за заем со ЦЕБ, со кој ќе се регулираат правата и обврските на договорните страните, кои ќе произлезат од договорот за заем.

Финалниот текст на Рамковниот договор за заем, кој ќе се склучи меѓу Република Македонија и ЦЕБ е усогласен на 11.07.2011 година, по пат на електронска комуникација меѓу претставниците на ЦЕБ и претставници на Министерството за финансии и Министерството за образование и наука.

Услов за склучување на Рамковниот договор за заем е донесување на Законот за задолжување, согласно постапката за задолжување со склучување на договор за заем утврдена во Законот за јавен долг („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05; 88/08 и 35/11).

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ:

Предложените одредби претставуваат генерален опис на финансиските услови под кои ќе биде склучен Рамковниот договор за заем.

## III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА:

Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија има за цел унапредување на физичкото образование, како и подобрување на севкупните услови за учење на учениците во основните и средните училишта.

ОБРАЗЕЦ
ЗА ПРОЦЕНКАТА НА ФИСКАЛНИТЕ ИМПЛИКАЦИИ НА ПРЕДЛОГ ПРОПИСИТЕ И ОПШТИТЕ АКТИ
ДОСТАВЕНИ ДО ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА НИВНО УСВОЈУВАЊЕ

| | |
|---|---|
| Назив на предлогот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, по скратена постапка | Министерство / Орган на управа:<br><br>Министерство за финансии |
| Цел на предлогот: Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, по скратена постапка | Вид на предлог:<br><br>Предлог на Закон за задолжување на Република Македонија кај Банката за развој при Совет на Европа по Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија, по скратена постапка. |
| Контакт лице и звање:<br><br>Сузана Пенева, државен советник | Контакт тел / факс или електронска пошта:<br><br>тел: 23132-245; 23106-454;<br>Suzana.Stoimceva@finance.gov.mk; |

| Активност | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на барање: | ( ) Регулатива во врска со ЕУ<br><br>( ) Друга нова регулатива | ( **x** ) Нова програма<br><br>( ) Зголемување/намалување на постоечка програма | ( ) Прераспределба ( на средствата) меѓу две програми<br><br>( ) Спојување на две или повеќе програми |

Цел на барањето/предложената активност: Целта на Проектот за изградба на фискултурни сали во основн училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија е унапредување н физичкото образование, како и подобрување на севкупните условите за учење на учениците во основните средните училишта.

Врска со владината програма: Предлог на законот е во согласност со Програмата на Владата на Република Македонија

| Фискални импликации | (Во илјади денари)<br>2011 | 2012 | 2013 | 2014 | 2015 |
|---|---|---|---|---|---|
| А. Вкупни трошоци за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 833 | 2.904 | 5.635 | 9.612 |
| Б. Одобрени средства за предлогот<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В. Промена(разлика) од одобрените средства (Б-А)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Г. Расположливи средства од прелевања (од други | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| активности или програми во органот)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | | | | | | |
| Д. Нето импликации на средствата на органот (Г-Д)<br>Плати<br>Стоки и услуги<br>Капитал<br>Трансфери<br>Вкупно | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Ѓ.Зголемување/намалување на приходите | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | |
| Е. Дополнителни извори на финансирање или споделување на трошоците<br><br>Извор:<br><br>Заем од Банката за развој при Совет на Европа | 0 | 61.500<br>(1.000.000 ЕУР) | 92.250<br>(1.500.000 ЕУР) | 110.700<br>(1.800.000 ЕУР) | 184.500<br>(3.000.000 ЕУР) | ) |
| Нето зголемување/намалување на бројот на вработени во врска со предлогот | | | | | | |
| Какви гаранции, заеми или други вистински или можни обврски ќе произлезат за Владата ( а кои не се НАВЕДЕНИ ВО ТОЧКА 11 А и 11 Г) | Република Македонија се задолжува кај Банката за развој при Совет на Европа со заем во износ од 30.000.000 ЕВРА, кој ќе се сервисира согласно условите кои се дефинирани во Рамковниот договор за заем за делумно финансирање на Проектот за изградба на фискултурни сали во основни училишта и рехабилитација на основни и средни училишта во Република Македонија. | | | | | |
| Ако ова претставува барање за дополнителни средства во тековната фискална | | | | | | |

| | |
|---|---|
| година година и надвор од нормалниот циклус на подготвување, дајте образложение | |
| Дата на завршување на проценката | |
| 16. Дата на донесување на анализата до Министерството за финасии за добивање мислење: | |
| 17. Дата на добивање на одговор од Министерството за финасии: | |
| 18.Измени побарани од Министерство за финасии: | |
| 19.Одговор на Министерството - предлага: | |
| 20. Одговор од Министерство за финасии: | |
| 21.Дали мислењето на Министерство за финасии е дадено во прилог: | |
| 22.Одобрен/ дата:<br>________________________ / /2011 ________________ //2011<br>Потпис на државен секретар или директор на орган    ден/месец/година    Потпис на Министерот    ден/месец/година | |

Изработил: Ана Димитриевска
Контролирал: Кристина Павловска
Одобрил: Сузана Пенева